**О П Ш Т И Н А   К Р И В А  П А Л А Н К А**

Врз основа на член 4 од Правилникот за уредување на условите, начинот и постапката за користење на финасиски средства од Буџетот на општина Крива Паланка за субвенционирање на студенти жители на општина Крива Паланка за купување на дигитален уред („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.1/23), Одлуката на Советот на Општина Крива Паланка за определување на максималниот износ за определување на поединечна субвенција за студенти за купен дигитален уред за учебната/академска 2022 – 2023 година, број 09-379/9 од 30 јануари 2023 година („Службен гласник на Општина Крива Паланка број 1/23) а согласно ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2023 Општина Крива Паланка објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

## за надоместување на дел на трошоците на  студентите од прва година со адреса на живеење на подрачјето на општина Крива Паланка за набавка на дигитален уред за учебната/академска 2022 - 2023 година

Општина Крива Паланка, со цел да го стимулира и помогне во образовниот процес за студентите од прва година со адреса на живеење на територијата на општина Крива Паланка ќе изврши поврат на дел од средствата за купен дигитален уред во учебната/академска 2022-2023 година и ќе им надомести дел од трошоците во износ од **50%** од вредноста на дигиталниот уред, но не повеќе од **6.000** денари во нето износ по лице.

Јавниот повик ќе трае од **1 јуни** до **30 октомври**.За времетраењето на Јавниот повик јавноста ќе биде известувана за степенот на искористување на предвидените средства за субвенционирање на набавка на дигитални уреди, односно за преостанатите средства за таа намена. Барања ќе може да се поднесуваат и по завршувањето на Јавниот повик, доколку предвидените средства за оваа намена не бидат целосно исцрпени, но не подоцна од 30 ноември оваа година. Во случај на исцрпување на средствата пред истекот на рокот за кој е предвиден Јавниот повик Општина Крива Паланка ќе објави дека Јавниот повик е завршен преку општинската веб-страна.

**Право на учество на Јавниот повик за субвенционирање на дел од средствата за купување на дигитален уред имаат студенти од прва година, со адреса на**

**живеење на подрачјето на општина Крива Паланка, кои ги исполнуваат следните услови:**

- да спаѓаат во категоријата на млади дефинирани во член 3 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/20);
- да студираат на јавните и приватните универзитети и високо образовните установи во Република Северна Македонија;
- да се редовни студенти;
- да не повторувале година во студирањето;
- да имаат положено 70% од предвидените испити за првата студиска година (*Студентите кои студираат во јавните и приватните универзитети и високообразовните установи каде вкупниот број на предвидени испити за студискатa (прва) година е помалку од 10 (десет) испити, за критериумот да имаат положено  од предвидените испити ќе се земе критериумот да имаат положено 2 (два) испити помалку од вкупно предвидениот број на испити*);
- дигиталниот уред да е набавен на територијата на Република Северна Македонија во периодот на запишување на првата студиска година;

Со одлука на Совет на Општина Крива Паланка, максималниот износ за поедничената субвенција за купен дигитален уред во 2023, се утврдува во износ од **50%** од вредноста на дигиталниот уред, но не повеќе од **6.000** (шест илјади) денари во нето износ.

Едно лице - студент може да поднесе само едно барање за добивање надоместок за еден дигитален уред.

**Начин на пријавување на Јавниот повик - документација што треба да се достави како доказ за исполнување на горенаведените услови:**

1. **барање** за финансиски средства (барањето може да се подигне во Архивата на Општина Крива Паланка или да се обезбеди од интернет страницата на Општината www.krivapalanka.gov.mk);
2. **потврда** за редовен студент;
3. **уверение** за положени испити и **УППИ образец**;
4. фотокопија на **важечка лична карта** или патна исправа на барателот;
5. фотокопија од **активна трансакциска сметка** на барателот/примач на средствата;
6. **Оригинал фискална сметка или фактура со извод од деловна банка**, издадена во РСМ, со датум по запишување на првата студиска година за акдемската/студиска 2022 - 2023 година како доказ дека е извршено купување на дигиталниот уред.

Документацијата се поднесува во А**рхивата на Општина Крива Паланка**, секој работен ден од 9:00 до 15:00 часот, во затворен плик со намена за **„ Јавен повик за надоместување на дел на трошоците на  студентите од прва година со адреса на живеење на подрачјето на Општина Крива Паланка за набавка на дигитален уред за учебната/академска 2022 - 2023 година “** со назнака **НЕ ОТВОРАЈ**.

**Начин на реализација на Јавниот повик**

По објавувањето на Јавниот повик **за надоместување на дел на трошоците на студентите од прва година со адреса на живеење на подрачјето на Општина Крива Паланка за набавка на дигитален уред за учебната/академска 2022 - 2023 година**, на веб-страницата на Општината во определениот рок студентите со пополнување **Барање**, вклучувајќи ја и целата потребна документација ја доставуваат во архивата на Општина Крива Паланка.

Комисијата ќе изготви предлог до Градоначалникот за донесување Решенија за исплата на финансиските средства на барателите за кои е утврдено дека ги исполниле условите цитирани во Јавниот повик според редот на пристигнатите барања, до исцрпување на обезбедените средства со буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година за таа намена

U+045f но не подоцна од 30 ноември оваа година.

**датум**

**30.05.2023**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**Градоначалник,**

**Сашко Митовски**